**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**=======================**
**ПРОТИВПОЖАРЕН СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА**

# П Р А В И Л Н И К
**за организирање и спроведување на квиз-натпревари од областа на противпожарната заштита**

**Скопје, септември 2014 година**

Согласно членот 9 став 1 алинеја 12 од Статутот на Противпожарниот сојуз на Македонија бр. 03/12 од 13.04.2011 година, Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија на седницата одржана на _________ донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за организирање и спроведување на квиз-натпревари од областа на противпожарната заштита

## I. Општи одредби

Член 1

(1) Со овој Правилник се уредува организацијата и спроведувањето на квиз-натпреварите од областа на противпожарната заштита на Противпожарниот сојуз на Македонија (во натамошниот текст квиз-натпревари).

Член 2

(1) Заради заштита на граѓаните, како и заштита на материјалните и други добра од пожари, а во функција на популаризирање на пожарникарството и заштитата од пожари, едукација на населението, омасовување на доброволната противпожарна организација и подигање на јавната свест за заштита од пожари, Противпожарниот сојуз на Македонија организира и спроведува квиз-натпревари од областа на противпожарната заштита.

(2) Квиз натпреварите од ставот еден (1) на овој член се организираат и спроведуваат на општинско, регионално и на државно ниво.

## II.Категории на квиз-натпревари, учесници, литература за подготовка на учесниците и календар за организирање на квиз-натпреварите

### 1. Категории на натпреверувачи на квиз-натпреварите

Член 3

(1) Квиз-натпреварите се организираат во категоријата КАДЕТИ и во категодијата ЈУНИОРИ.

(2) Во квиз-натпреварите во категоријата кадети можат да учествуваат учениците од основните училишта во Република Македонија.

(3) Во квиз-натпреварите во категоријата јуниори можат да учествуваат учениците од средните училишта во Репблика Македонија.

(4) Во општините во кои што нема средни училишта, во категоријата јуниори можат да учествуваат учениците од девето одделение од основните училишта во таа општина.

## 2. Литература за подготовка на учесниците на квиз-натпреварите

Член 4

(1) Литературата за подготовка на учесниците на квиз-натпреварите се определува со одлука на Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија.

## 3. Календар за организирање на квиз-натпреварите

Член 5

(1) Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија донесува календар за организирање на општинските, регионалните и државниот квиз-натпревар, најдоцна 60 (шеесет) дена пред одржувањето на државниот квиз натпревар..

# III. Општински квиз-натпревари

Член 6

(1) Општинските квиз-натпревари ги организираат и спроведуваат општинските противпожарни сојузи.

(2) Натпреварите од ставот еден (1) од овој член се одржуваат во рамковниот календар определен од страна на Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 7

(1) Општинските противпожарни сојузи до Противпожарниот сојуз на Македонија поднесуваат пријава за организирање на општински квиз-натпревари.

(2) Во пријавата од ставот еден (1) од овој член се наведуваат имињата на училиштата и бројот на екипите, по категории кои што ќе учествуваат на општинските квиз-натпревари.

(3) На општинските квиз-натпревари екипите се составени од троица натпреварувачи, предводени од наставник-ментор.

Член 8

(1) Општинските противпожарни сојузи кои што организираат општински квиз-натпревари подготвуваат прашања, клуч на одговори на прашањата, определуваат жири комисија од три члена и контролор на квиз-натпреварот.

(2) Општинските противпожарни сојузи од ставот еден (1) на овој член обезбедуваат простор за одржување на квиз-натпреварите, техничка опрема и награди за екипите за освоено прво, второ и трето место.

Член 9

(1) Општинските противпожарни сојузи најдоцна 3 (три) дена по одржувањето на општинските квиз-натпревари, до противпожарниот сојуз на Македонија поднесуваат извештај.

## IV. Регионални квиз-натпревари

Член 10

(1) Регионалните квиз-натпревари се организират и одржуваат од страна на општинските противпожарни сојузи од соодветните региони од членот 11 од овој Правилник.

(2) Домаќинот на квиз-натпреварите од ставот еден (1) на овој член се определува од страна на општинските противпожарни сојузи од членот 11 на овој Правилник, по азбучен редослед, во координација со Противпожарниот сојуз на Македонија

(3) Финансиските средства за организирање и одржување на квиз-натпреварите од ставот еден (1) на овој член, паѓаат на товар на општинските противпожарни сојузи од соодветните региони од членот 11 на овој Правилник.

Член 11

(1) За организирање и спроведување на регионалните квиз-натпревари општинските противпожарни сојузи членки на Противпожарниот сојуз на Македонија, поделени се во шест (6) региони како што следи:

- **I Регион:** Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Демир Хисар, Струга и Ресен;

- **II Регион:** Велес, Неготино, Кавадарци, Валандово, Гевгелија, Прилеп, Крушево и Битола;

- **III Регион:** Берово, Делчево, Виница, Радовиш, Кочани, Штип и Струмица;

- **IV Регион:** Куманово, Свети Николе, Пробиштип, Кратово и Крива Паланка;

- **V Регион – „Скопје 1“:** Аеродром, Ѓорче Петров, Чаир, Центар, Петровец и

-**VI**. **Регион – „Скопје 2“:** Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Карпош, Илинден, Сопиште

Член 12

(1) На регионалните квиз-натпревари учествуваат победничките екипи на општинските квиз-натпревари во категоријата кадети и во категоријата јуниори, од општинските противпожарни сојузи во регионите од членот 11 на овој Правилник.

Член 13

(1) Противпожарниот сојуз на Македонија определува делегат на регионалните квиз-натпревари, одговорен за регуларноста на натпреварите.

(2) Противпожарниот сојуз на Македонија ги обезбедува прашањата и клучот со одговорите за регионалните квиз-натпревари.

(3) Прашањата и клучот со одговорите делегатот на Противпожарниот сојуз на Македонија, непосредно пред почетокот на регионалните квиз-натпревари ги предава на претседателот на жири комисијата.

Член 14

(1) На регионалните квиз-натпревари во категоријата кадети и во категоријата јуниори, екипите одговараат на дванаесет (12) исти прашања, во три блока од по четири (4) прашања. За точен одговор на прашањето се добиваат пет (5) поени, а за неточен одговор нула (0) поени.

(2) Екипите кои што по вториот блок на прашања ќе освојат најмалку од 30 поени, добиваат бонус „пожарко“.

(3) Бонусот „пожарко“ од ставот два (2) на овој член, може да се употреби на само едно од третиот блок на прашања, пред прашањето да биде поставено. За точен одговор на ова прашање екипата добива десет (10) поени, а за неточен одговор нула (0) поени.

(4) Ако по завршувањето на третиот блок прашања, за освојување на прво, второ и трето место има повеќе екипи со ист број на поени,тогаш само тие екипи одговараат на уште еден блок од три дополнителни прашања.

(5) Во дополнителниот блок на прашања, доколку само една од екипите одговори точно на поставеното прашање, таа екипа го освојува местото за кое што екипите се натпреваруваат. Останатите екопи продолжуваат со натпреварувањето за освојување на другите места.

(6) Освоените бодови од прашањата од ставот 5 (пет) од овој член не се додаваат на претходно освоените бодови, туку се сметаат одвоено само за местата за кои се натпреваруваат екипите.

(7) Ако и по оддговорите на прашањата од ставот четири (4) на овој член, за освојување на прво, второ и трето место има екипи со ист број на поени, тогаш се пристапува кон ждребање.

Член 15

(1) Приговорите на квиз-натпреварот, писмено, се поднесуваат до делегатот на Противпожарниот сојуз на Македонија, чиј одлуки се конечни.

(2) Приговорот од ставот еден (1) на овој член се поднесуваат веднаш по завршувањето на секој блок од прашањата од членот 14 ставот еден (1) од овој Правилник. Приговорот треба да биде решен веднаш по поднесувањето.

Член 16

(1) На екипите кои што освоиле прво, второ и трето место,, организаторот на квиз-натпреварт обезбедува и доделува признанија и награди.

## V. Државен квиз-натпревар

Член 17

(1) Државниот квиз-натпревар го организира Противпожарниот сојуз на Македонија, во соорганизација со општинскиот противпожарен сојуз, определен за домаќин на државниот квиз-натпревар. .

(2) По правило, за домаќин на државниот квиз-натпревар се определува општинскиот противпожарен сојуз чија што екипа во кадетска категорија, во предходната година освоила прво место на државниот квиз-натпревар.

(3) По исклучок од ставот два (2) на овој член, со одлука на Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија, за домаќин на државниот квиз-натпревар може да се определи и друг општински противпожарен сојуз кој што учествувал на регионалните квиз-натпревари.

Член 18

(1) Финансиските средства потребни за организирање на државниот квиз-натпревар паѓаат на товар Противпожарниот сојуз на Македонија.

Член 19

(1) На државниот квиз-натпревар учествуваат општинските противпожарни сојузи чии што екипи на регионалните квиз-натпревари во регионите од членот 11 од овој Правилник, го освоиле првото место, во категоријата кадети и првото место во категоријата јуниори.

(2) Покрај општинските противпожарни сојузи од ставот еден (1) од овој член, на државниот квиз-натпревар, директно, во двете категории учествува и општинскиот противпожарен сојуз, домаќин на државниот квиз-натпревар, со победничките екипи на општинскиот квиз-натпревар.

Член 20

1) Државниот квиз-натпревар се организира и спроведува според правилата утврдени во член 13, 14, 15 и член 16 од овој Правилник.

## VI. Преодни и завршни одредби

Член 21

(1) Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото донесување, а ќе се применува од почетокот на организирањето на квиз-натпреварите во 2014 година.

Член 22

(1) Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за организирање на пожарникарски квиз-натпревари бр. __________ од __________ година на Противпожарниот сојуз на Македонија

Член 23

(1) Прашањата сврзани со квиз-натпреварите кои што не се уредени со овој Правилник, се уредуваат со одлука на Управниот Одбор на Противпожарниот сојуз на Македонија.

Број ___________
Скопје,, ________ 2014 година

П р е т с е д а т е л
проф. Д-р Никола Николов